2024

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.04 - 30.06.2024Г

II Квартал

## СОДРЖИНА

I. ВОВЕД ..........3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2024 година..........3

II. ПРИХОДИ..........4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2024 ГОДИНА ..........5

III. ТРОШОЦИ - ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ..........6

Трошоци за вработените..........6
Патни и транспортни трошоци..........7
Заеднички трошоци ..........7
Програмски права..........8
Останати трошоци од работење..........9
Инвестиции ..........9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2024 ГОДИНА..........9

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2024г..........14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2024 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА..........15

1. Побарувања од купувачите во земјата ..........15
2. Побарувања од купувачите во странство ..........16

VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2024 ГОДИНА16

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2024 ГОДИНА.......17

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во рамки на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и емитување на радио и телевизиски програми од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио, телевизија, сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во второто тримесечје од 2024 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 311.928.535 денари и расходи во износ од 239.771.512 денари, при што е остварен позитивен финансиски резултат од 72.157.023 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2024 година**

| ОПИС | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | | Финансиски план 2024г | | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **346,264,241** | **100.0** | **1,297,036,000** | **100.0** | **311,928,535** | **100.0** | **90.1** | **24.0** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **259,689,221** | **75.0** | **1,279,036,000** | **98.6** | **239,771,512** | **76.9** | **92.3** | **18.7** |
| Трошоци за вработени | 123,482,098 | 35.7 | 608,450,000 | 46.9 | 136,719,252 | 43.8 | 110.7 | 22.5 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 2,088,576 | 0.6 | 9,850,000 | 0.8 | 1,060,106 | 0.3 | 50.8 | 10.8 |
| Заеднички трошоци | 31,798,177 | 9.2 | 200,890,000 | 15.5 | 33,559,170 | 10.8 | 105.5 | 16.7 |
| Програмски права | 89,833,245 | 25.9 | 391,350,000 | 30.2 | 54,165,035 | 17.4 | 60.3 | 13.8 |
| Останати трошоци од работење | 12,487,125 | 3.6 | 68,496,000 | 5.3 | 14,267,949 | 4.6 | 114.3 | 20.8 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **86,575,020** | | | | **72,157,023** | | | |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот април - јуни 2024 година реализирани се приходи во износ од 311.928.535 денари.

Приходот за финансирање на радиодифузна дејност кој ЈРП МРТ го добива од Буџетот на државата а согласно Законот за ААВМУ, како основен извор на финансирање на тековното работење, во анализираниот период од годината е остварен во вкупен износ од 306.000.000 денари.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 44.914 денари што е реализација од 9,0% во однос на планираните приходи за 2024 година за оваа намена.

По основ на услуги во земјата и странство (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 345.450 денари или 6,9% во однос на планираните приходи за 2024 година за оваа намена.

Ставката останати деловни приходи бележи реализација во износ од 3.340.767 денари или остварување од 16.7% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата пред се, опфаќа приходи по основ на вредносно усогласување на побарувања по основ на РДТ а потоа и приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнителни приходи од минати години и слично.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во второто тримесечје од 2024 година е остварен во износ од 2.197.404 денари што е остварување од 3,4% на планираните средства во Финансискиот план за 2024 година за оваа намена.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2024 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ** | **Остварување 01.04.-30.06.2023г.** | **Финансиски план 2024г** | **Остварување 01.04.-30.06.2024.** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** | **Структура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 1,140,536,000 | 306,000,000 | 182.6 | 26.8 | 98.1 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 175,000,000 | 50,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Закупнини | 67,350 | 500,000 | 44,914 | 66.7 | 9.0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 3,000,000 | 344,876 | 66.7 | 11.5 | 0.1 |
| Приходи од странство (технички услуги,коментаторски позиции, ISDN линии и сл.) | 0 | 2,000,000 | 574 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати години) | 1,118,619 | 20,000,000 | 3,340,767 | 298.7 | 16.7 | 1.1 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 36,335 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 1,899,623 | 65,000,000 | 2,197,404 | 115.7 | 3.4 | 0.7 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | | 15,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **346,264,241** | **1,297,036,000** | **311,928,535** | **90.1** | **24.0** | **100.0** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот април - јуни 2024 година во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 239.771.512 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2024 година претставува реализација од 18,7%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04-30.06.2024 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Финансиски план 2024г | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 123,482,098 | 608,450,000 | 136,719,252 | 110.7 | 22.5 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 2,088,576 | 9,850,000 | 1,060,106 | 50.8 | 10.8 |
| Заеднички трошоци | 31,798,177 | 200,890,000 | 33,559,170 | 105.5 | 16.7 |
| Програмски права | 89,833,245 | 391,350,000 | 54,165,035 | 60.3 | 13.8 |
| Останати трошоци од работење | 12,487,125 | 68,496,000 | 14,267,949 | 114.3 | 20.8 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **259,689,221** | **1,279,036,000** | **239,771,512** | **92.3** | **18.7** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 6,009,962 | 18,000,000 | 15,677,459 | 260.9 | 87.1 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **6,009,962** | **18,000,000** | **15,677,459** | **260.9** | **87.1** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **265,699,183** | **1,297,036,000** | **255,448,971** | **96.1** | **19.7** |

## Трошоци за вработените

Трошоците за вработени во второто тримесечје од 2024 година се остварени во вкупен износ од 136.719.252 денари или 22,5% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група опфаќа трошоци за бруто плата на вработените кои изнесуваат 135.004.370 денари, износ кој споредбено со истиот период минатата 2023 година бележи повисока реализација од причина што од Септември 2023 година е извршено усогласување на платите на вработените во МРТ со минималната плата на ниво на држава а согласно Колективниот договор на МРТ и позитивните законски прописи. Покрај трошоците за бруто плати оваа група ги опфаќа и трошоците за отпремнина за вработените кои оствариле право на старосна пензија реализирани во износ од 789.348 денари, потоа трошоците за други лични примања/надоместоци на вработените за исплатена парична помош на вработените по разни основи како во случај смрт на вработен или на член на потесно семејство, боледување подолго од шест месеци, надоместок за деца со посебни потреби, елементарни непогоди и слично кои во анализираниот период се реализирани во износ од 414.929 денари, како и трошоците за јубилејни награди за вработените кои во тековната година во МРТ остваруваат работен стаж од 10, 20, 30, 35 и 40 години во износ од 503.525 денари и трошоците за едукација во износ од 7.080

денари. Просечната плата по работник за периодот 04-06 месец 2024 година изнесува 45.799 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 1.060.106 денари и истата е реализирана со 10,8% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2024 година за оваа намена.

Од патувањата во странство кои се реализирани за остварување на програмски цели би ги спомнале патувањата на екипите на МРТ во Малта – за снимање на документарно репортажни емисии за Валета и Гозо, Познањ – учество на средбите организирани од CIRCOM Regional, Пекинг – учество на иницијативата за соработка Кина – ЦЕЕ за новинари во областа на културна комуникација, Тирана – средба со Менаџментот на радио Тирана и радио Косово во врска со долгогодишниот заеднички проект со наслов Без граници и слично.

Во земјата пак, реализирани се патувања за пренос и емитување на спортски натпревари, за снимање на информативни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на програмските сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ и тоа во Рим по повод одбележување на денот на сесловенските просветители - светите браќа Кирил и Методиј и Брисел и Луксенбург – следење на посетата на Министерот за надворешни работи.

### Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во овој период од 2024 година бележи остварување во вкупен износ од 33.559.170 денари што е реализација од 16,7% на финансискиот план за 2024 година за оваа намена. Оваа група ги опфаќа трошоците за електричен, технички и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 424.683 денари, трошоците за канцелариски материјали и материјали за возен парк реализирани во вкупен износ од 198.449 денари, потоа трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво со вкупно остварување од 7.994.198 денари, ситен инвентар во износ од 376.514 денари како и телефонските трошоци со интернет услугите и поштенските услуги во вкупен износ од 914.922 денари. За пренос и емитување на емисии и настани од разни области користени се аудио и видео линии за кои е остварен трошок во износ од 2.347.114 денари. Реализација во рамките на планираниот износ за 2024 година бележат и трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 1.108.020 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.175.093 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на опрема и градежни објекти остварени во вкупен износ од 2.130.975 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 168.071 денар и одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 250.162 денари како и трошоците за комунални услуги (вода и ѓубретарина) реализирани во вкупен

износ од 1.474.625 денари. Трошоците за амортизација на основни средства пресметани за овој период изнесуваат 8.075.580 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет реализирани се трошоци во износ 1.964.276 денари кои се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ. Во рамки на планираните износи за 2024 година остварени се и банкарските трошоци и тоа во износ од 139.627 денари а опфаќаат плаќања во земјата и плаќања кон странство а по основ на откупена филмска и спортска програма, членарини и слично, потоа трошоците за репрезентација остварени во износ од 142.892 денари како и трошоците за камати од работење и негативни курсни разлики остварени во вкупен износ од 2.373.795 денари.

## Програмски права

Групата на трошоци која опфаќа откуп на права за емитување на најразлични видови на програмски содржини како и продукција и копродукција на разни видови емисии, во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 54.165.035 денари, што претставува 13,8% реализација на планот за 2024 година за оваа намена.

Трошоците се однесуваат на следните ставки:

Откуп на права за пренос и емитување на спортски настани која е реализирана во износ од 6.151.265 денари и истата се однесува на фактурирана реализација на трошоци за откуп на права за пренос на ЛОИ – Париз 2024 година.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 11.238.554 денари и истите опфаќаат фактурирана реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, забавно-контактни емисии, детски и образовни емисии и друго на македонски и албански јазик како ТВ проект Околу светот, образовен серијал за деца со наслов Авантурите на пиратите, ТВ серијал – Народни приказни на албански јазик, ТВ проект Приказна – различни видови приказни, ТВ проект 360 Степени, ТВ проект Партнерство за квалитетни реформски процеси преку истражувачко и аналитичко новинарство, концерт на група Галија и концерт во чест на Зафир Хаџиманов, Агенда 35 и други.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 29.215.542 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за лиценцирани вести од интернет, потоа откуп на ТВ права за емитување на 95-то доделување на филмските награди Оскар, продукција и емитување на ТВ проекти со наслови Ние, Гурманија, Во туѓа куќа, Хедонизам со фичо, Листа, Заеднички поглед кон Европа, емисии за деца со наслов “ 4 “ , Бумеранг, Музички камп и Мислотека и други.

За откуп на лиценцни права за емитување на филмови, серии, детски анимирани серии и документарни емисии од најразлични жанрови на ТВ програмските сервиси на МРТ, реализирани се трошоци во износ од 7.559.674 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 14.267.949 денари и истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 5.738.648 денари кои се неопходни за да се надомести недостигот од кадар во повеќето организациони единици во МРТ, трошоците за пренос на ТВ проектот Евросонг 2024 година во износ од 456.158 денари како и за наем на опрема неопходна за пренос на Олимписките игри во Париз во износ од 942.745 денари. За надоместок за членувањето на МРТ во меѓународни радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ и слично реализирани се трошоци во износ од 3.577.602 денари а за надоместок за Агенција за филм согласно законот за филмска дејност реализиран е трошок во износ од 3.413.887 денари.

## Инвестиции

Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема во вториот квартал од 2024 година фактурираната реализација изнесува 15.677.459 денари и во рамки на овие средства набавени се камери, ENG камкордери, монитори за репортажно возило и за кран, микрофони, аудио миксер за коментаторска позиција и аудио миксер за ТВ Продукција, светла ENG светлосен кит, читач на картица, микрофони со бази и слично, а обновени се прозорци во дописништвата и направени се спуштени плафони со осветлување во студијата.

### АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2024 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Финансиски план 2024г | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработените | 122,624,727 | 582,000,000 | 135,004,370 | 110.1 | 23.2 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 18,200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 408,868 | 3,000,000 | 789,348 | 193.1 | 26.3 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,разни видови помош и сл.) | 237,585 | 2,000,000 | 414,929 | 174.6 | 20.7 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 206,198 | 2,250,000 | 503,525 | 244.2 | 22.4 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 4,720 | 350,000 | 7,080 | 150.0 | 2.0 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **123,482,098** | **608,450,000** | **136,719,252** | **110.7** | **22.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Финансиски план 2024г | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 831,238 | 3,000,000 | 410,061 | 49.3 | 13.7 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 697,239 | 4,000,000 | 302,780 | 43.4 | 7.6 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 7,011 | 0.0 | 7.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 364,102 | 1,800,000 | 248,093 | 68.1 | 13.8 |
| Сопствено возило за службени потреби | 148,577 | 400,000 | 46,433 | 31.3 | 11.6 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 47,420 | 250,000 | 45,728 | 96.4 | 18.3 |
| **Вкупно 2** | **2,088,576** | **9,550,000** | **1,060,106** | **50.8** | **11.1** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **0** | **300,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **2,088,576** | **9,850,000** | **1,060,106** | **50.8** | **10.8** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 43,156 | 700,000 | 128,428 | 297.6 | 18.3 |
| Технички материјал | 130,075 | 1,200,000 | 279,546 | 214.9 | 23.3 |
| Материјал за поправка и одржување | 6,796 | 300,000 | 16,709 | 245.9 | 5.6 |
| **Вкупно 4** | **180,027** | **2,200,000** | **424,683** | **235.9** | **19.3** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 195,795 | 1,000,000 | 176,208 | 90.0 | 17.6 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 12,000 | 250,000 | 22,241 | 185.3 | 8.9 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 90,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **207,795** | **1,340,000** | **198,449** | **95.5** | **14.8** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 4,473,580 | 36,000,000 | 5,021,906 | 112.3 | 13.9 |
| Трошоци за топлотна енергија | 2,377,114 | 16,000,000 | 2,416,606 | 101.7 | 15.1 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 743,967 | 3,500,000 | 555,686 | 74.7 | 15.9 |
| **Вкупно 6** | **7,594,661** | **55,500,000** | **7,994,198** | **105.3** | **14.4** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 113,363 | 1,000,000 | 376,514 | 332.1 | 37.7 |
| **Вкупно 7** | **113,363** | **1,000,000** | **376,514** | **332.1** | **37.7** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни линии | 81,053 | 600,000 | 103,661 | 127.9 | 17.3 |
| Телефонски трошоци-мобилни линии | 491,563 | 2,000,000 | 581,667 | 118.3 | 29.1 |
| Трошоци за интернет | 76,077 | 800,000 | 206,022 | 270.8 | 25.8 |
| Поштарина | 43,612 | 300,000 | 23,572 | 54.0 | 7.9 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 2,550,089 | 12,000,000 | 2,347,114 | 92.0 | 19.6 |
| **Вкупно 8** | **3,242,394** | **15,700,000** | **3,262,036** | **100.6** | **20.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Финансиски план 2024г | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 1,108,073 | 5,200,000 | 1,175,093 | 106.0 | 22.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 332,758 | 8,700,000 | 1,934,966 | 581.5 | 22.2 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 145,494 | 1,200,000 | 196,009 | 134.7 | 16.3 |
| Одржување на возила | 166,508 | 1,000,000 | 168,071 | 100.9 | 16.8 |
| Одржување на ситен инвентар, автогуми и ГПС уреди | 7,062 | 150,000 | 12,489 | 176.8 | 8.3 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 250,174 | 1,000,000 | 250,162 | 100.0 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 923,586 | 4,400,000 | 1,108,020 | 120.0 | 25.2 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **2,933,655** | **21,650,000** | **4,844,810** | **165.1** | **22.4** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 8,991 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Дератизација и дезинфекција | 115,856 | 280,000 | 128,532 | 110.9 | 45.9 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,856 | 1,000,000 | 207,993 | 100.1 | 20.8 |
| Трошоци за вода | 946,941 | 3,500,000 | 1,138,100 | 120.2 | 32.5 |
| **Вкупно 10** | **1,279,644** | **4,810,000** | **1,474,625** | **115.2** | **30.7** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 71,464 | 500,000 | 55,568 | 77.8 | 11.1 |
| Трошоци за регистрација на возила, полнимоштва и друго | 29,662 | 400,000 | 18,932 | 63.8 | 4.7 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 4,548 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати и сл.) | 126,492 | 350,000 | 165,898 | 131.2 | 47.4 |
| **Вкупно 11** | **232,166** | **1,450,000** | **240,398** | **103.5** | **16.6** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 10,263,824 | 65,000,000 | 8,075,580 | 78.7 | 12.4 |
| **Вкупно 12** | **10,263,824** | **65,000,000** | **8,075,580** | **78.7** | **12.4** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **200,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 4,560 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 142,354 | 1,000,000 | 142,892 | 100.4 | 14.3 |
| **Вкупно 14** | **146,914** | **1,000,000** | **142,892** | **97.3** | **14.3** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Финансиски план 2024г | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 14,782 | 2,450,000 | 42,451 | 287.2 | 1.7 |
| **Вкупно 15** | **14,782** | **2,450,000** | **42,451** | **287.2** | **1.7** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 10,000 | 0.0 | 100.0 |
| Банкарски услуги | 128,133 | 500,000 | 139,627 | 109.0 | 27.9 |
| **Вкупно 16** | **128,133** | **510,000** | **149,627** | **116.8** | **29.3** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елабораи и друго | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 14,513 | 50,000 | 14,513 | 100.0 | 29.0 |
| **Вкупно 17** | **14,513** | **400,000** | **14,513** | **100.0** | **3.6** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,858,894 | 10,000,000 | 1,964,276 | 105.7 | 19.6 |
| **Вкупно 18** | **1,858,894** | **10,000,000** | **1,964,276** | **105.7** | **19.6** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 1,429,144 | 5,000,000 | 686,765 | 48.1 | 13.7 |
| Судски трошоци и административни такси | 39,101 | 200,000 | 2,400 | 6.1 | 1.2 |
| **Вкупно 19** | **1,468,245** | **5,200,000** | **689,165** | **46.9** | **13.3** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **0** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 6,155 | 2,000,000 | 1,229,137 | 19,969.7 | 61.5 |
| **Вкупно 21** | **6,155** | **2,000,000** | **1,229,137** | **19,969.7** | **61.5** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,423,436 | 5,500,000 | 2,092,769 | 147.0 | 38.1 |
| **Вкупно 22** | **1,423,436** | **5,500,000** | **2,092,769** | **147.0** | **38.1** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 689,576 | 4,000,000 | 281,026 | 40.8 | 7.0 |
| **Вкупно 23** | **689,576** | **4,000,000** | **281,026** | **40.8** | **7.0** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 0 | 880,000 | 62,021 | 0.0 | 7.0 |
| **Вкупно 24** | **0** | **880,000** | **62,021** | **0.0** | **7.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Финансиски план 2024г | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **31,798,177** | **200,890,000** | **33,559,170** | **105.5** | **16.7** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 29,322,367 | 31,000,000 | 7,559,674 | 25.8 | 24.4 |
| Останати програмски права | 31,360,397 | 88,500,000 | 29,215,542 | 93.2 | 33.0 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест за фестивали | 0 | 550,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 9,562,015 | 94,854,000 | 6,151,265 | 64.3 | 6.5 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 19,588,466 | 175,446,000 | 11,238,554 | 57.4 | 6.4 |
| **Вкупно 25-Програмски права** | **89,833,245** | **391,350,000** | **54,165,035** | **60.3** | **13.8** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 45,969 | 300,000 | 942,745 | 2,050.8 | 314.2 |
| **Вкупно 26** | **45,969** | **300,000** | **942,745** | **2,050.8** | **314.2** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 12,886 | 650,000 | 98,313 | 762.9 | 15.1 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 3,580 | 300,000 | 15 | 0.4 | 0.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 5,917,189 | 25,000,000 | 5,738,648 | 97.0 | 23.0 |
| Трошоци за проект Евровизија | 0 | 1,500,000 | 456,158 | 0.0 | 30.4 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сателитски сегмент | 68,743 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **6,002,398** | **29,800,000** | **6,293,134** | **104.8** | **21.1** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 3,719,650 | 16,000,000 | 3,577,602 | 96.2 | 22.4 |
| Котизации и акредитации | 46,355 | 300,000 | 37,581 | 81.1 | 12.5 |
| Мало авторско право (ЗАМП,ММИ) | 2,672,753 | 18,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Надомест на Агенција за филмска дејност | 0 | 3,496,000 | 3,413,887 | 0.0 | 97.7 |
| **Вкупно 28** | **6,438,758** | **38,296,000** | **7,029,070** | **109.2** | **18.4** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 0 | 100,000 | 3,000 | 0.0 | 3.0 |
| **Вкупно 29** | **0** | **100,000** | **3,000** | **0.0** | **3.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **12,487,125** | **68,496,000** | **14,267,949** | **114.3** | **20.8** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **259,689,221** | **1,279,036,000** | **239,771,512** | **92.3** | **18.7** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Финансиски план 2024г | Остварување 01.04.-30.06.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 6,009,962 | 18,000,000 | 15,677,459 | 260.9 | 87.1 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **6,009,962** | **18,000,000** | **15,677,459** | **260.9** | **87.1** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **265,699,183** | **1,297,036,000** | **255,448,971** | **96.1** | **19.7** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2024г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 30.06.2024 година изнесува:

- Комерцијална банка 1.623.666 денари
- Халк банка 58.502.612 денари
- Тутунска банка 1.823.876 денари
- Стопанска банка 2.800.046 денари
- Шпаркасе банка 986.738 денари
- Силк роуд банка 7.154 денари
- Прокредит банка 2.417 денари

***Вкупно на сметки : 65.746.509 денари***

*Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2024 година изнесува:*

- Стопанска банка 124 УСД
- Комерцијална банка 82.482 ЕУР
  37 ДКК
- Прокредит банка 3,666 ЕУР

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2024 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.06.2024 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023г | Состојба на 30.06.2024г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,048,277,311 | 2,047,523,248 | 100.0 |
| Побарувања од купувачите во странство | 46,024,736 | 45,761,337 | 99.4 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,075,054,581 | -2,073,269,523 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **19,247,466** | **20,015,063** | **104.0** |

## 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023г | Состојба на 30.06.2024г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,023,744,427 | 2,023,052,865 | 100.0 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,532,884 | 24,468,383 | 99.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,037,055,948 | -2,035,290,889 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **11,221,363** | **12,230,359** | **109.0** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата со состојба на 30.06.2024 година изнесуваат 12.230.359 денари а се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023г | Состојба на 30.06.2024г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувња по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,015,310,426 | 2,013,523,367 | 99.9 |
| - радио и телевизиски реклами | 6,578,894 | 7,745,043 | 117.7 |
| - закуп на основни средства | 104,178 | 77,787 | 74.7 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (парно,вода,струја,закуп) | 1,343,975 | 1,299,714 | 96.7 |
| - спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами,закупнини и др.) | 24,532,884 | 24,468,383 | 99.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во земјата | -2,037,055,948 | -2,035,290,889 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **11,221,363** | **12,230,359** | **109.0** |

## 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.06.2024 година изнесуваат вкупно 7.782.704 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023г | Состојба на 30.06.2024г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 34,343,943 | 34,759,564 | 101.2 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 540,425 | 100.1 |
| - технички услуги | 3,021,048 | 3,023,013 | 100.1 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,797 | 100.1 |
| - отстапени права | 7,616,562 | 6,952,964 | 91.3 |
| - фестивали во странство | 145,901 | 140,328 | 96.2 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 319,163 | 306,972 | 96.2 |
| - останати побарувања од странство | 21,260 | 21,274 | 100.1 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во странство | -37,998,633 | -37,978,633 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **8,026,103** | **7,782,704** | **97.0** |

# VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2024 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2023 год. | состојба на 30.06.2024 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **508,583,170** | **470,172,657** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 220,449,822 | 194,437,518 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 60,420,577 | 76,198,833 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по иститe и сл. | 30,603,932 | 17,553,600 |
| Обврски спрема вработените | 39,573,805 | 31,587,033 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 143,163,078 | 143,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 1,450,679 | 771,458 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 6,460,140 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг кон ММИ, УЈП) | 997 | 997 |
| **Долгорочни обврски** | **124,836,448** | **124,836,448** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 2,093,883 | 2,093,883 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 122,742,565 | 122,742,565 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **633,419,618** | **595,009,105** |

Состојбата на вкупните обврски на 30.06.2024 година изнесува 595.009.105 денари а истата во однос на состојбата на 31.12.2023 година бележи намалување во износ од 38.410.513 денари.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2024 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.06.2024 год. изнесува вкупно 648 лица, што е помалку за 8 лица или за 1,2% во однос на состојбата на 31.03.2024 година.

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2024 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2024 | 2 | 45 | 307 | 6 | 284 | 0 | 11 | 1 | 656 | |
| 30.06.2024 | 2 | 45 | 305 | 6 | 278 | 0 | 11 | 1 | 648 | -8 |
| структура 30.06.2024г.(%) | 0.3 | 6.9 | 47.1 | 0.9 | 42.9 | 0.0 | 1.7 | 0.2 | 100.0 | -1.2 |

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2024 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | хрвати | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2024 | 439 | 153 | 26 | 18 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 656 | |
| 30.06.2024 | 434 | 151 | 25 | 18 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 648 | **-8** |
| структура 30.06.2024г. (%) | 67.0 | 23.3 | 3.9 | 2.8 | 0.9 | 1.1 | 0.6 | 0.3 | 0.2 | 100.0 | -1.2 |

Во текот на второто тримесечје, односно во периодот Април-Јуни 2024 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања.

Во истиот период 8 лица се заминати од МРТ и тоа 5 лица по основ на стекнување на право на старосна пензија (Новинар 1 со ВСС, Режисер 2 со ССС, Уредник на програма со ВСС, Референт 1 со ССС, Новинар дописник со ВСС и Новинар дописник со ССС. Во истиот период на еден вработен на работно место Техничар 1 во МГС му е раскинат Договорот за вработување со отказ без отказен рок поради не доаѓање на работа подолго од три дена, а еден вработен на работно место Техничар во РА Продукција е починат.

Скопје, Јули 2024 година

Директор на ЈРП МРТ

________________________

Марјан Цветковски